Македонска Банкарска Асоцијација

**Кодекс за финансирање на жени претприемачи**

**Писмо за приклучување кон Кодексот**

Македонска Банкарска Асоцијација – МБА ( во понатамошниот текст МБА) со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот “), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, МБА се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, МБА се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- МБА ја назначува Маја Стевкова Штериева, како лидер во Кодексот за финансирање на жени претприемачи, која ќе ги води и ќе ги претставува напорите на институцијата во рамки на Кодексот.

- МБА ќе ја промовира национално усогласената дефиниција за ММСП предводени од жени преку интерни документи, како и преку комуникациските канали на институцијата.

- МБА ќе вклучи посебна секција во Годишниот извештај посветена на активноститена асоцијацијата во областа на родовата еднаквост.

**Заложби за активности:**

- МБА ќе споделува едукативни содржини (подготвени од членките на Националната коалиција) стандардите за родова еднаквост и нивните придобивки во списанието на МБА- „МБА Е Билтен “, со цел подигнување на свеста.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Република Северна Македонија.

**Со почит,**
Име и презиме: Маја Стевкова Штериева
Функција: Претседателка
Институција: Македонска банкарска асоцијација Скопје

Потпис:

Датум: 20.02.2026 година